# РЕГИОНАЛНИОТ ОДБОР НА СОНК – ЦЕНТАР БАРА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ВО СИТЕ ДЕЈНОСТИ И НИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ СО МИНИМАЛНАТА ПЛАТА

По спроведените редовни избори за претседател на Регионалниот одбор и претседатели на Синдикални организации, на ден 03.02.2022 година, Регионалниот одбор на СОНК – Центар ја одржа својата прва работна средба. По конституирање на Регионалниот одбор и честитки за новите синдикални организации кои се приклучија на РО на СОНК Центар, се помина на разгледување на останатите точки од дневниот ред. По однос на заклучоците од првата седница на Советот на СОНК се отвори дискусија околу финализирање на новите колективни договори за основно и средно образование и се нагласи незадоволството од реално вреднување на трудот на просветниот работник. Понатаму, за отстранување на пречките во колективно преговарање се истакна неопходноста за усогласување на платите на вработените во детските градинки и образовни институции со минималната плата на национално ниво и секако стана збор за отворените проблеми со административите службеници и помошно-технички лица во културните институции. По останатите точки од дневниот ред се дискутираше за актуелни прашања и проблеми во сферата на образованието, мерките за заштита од Ковид 19, проблеми кои ги засегаат вработените во установите за згрижување и воспитување на деца и отворени прашања на културните работници. Меѓу другото, се разговараше и за реформите во работење на регионалниот одбор во рамките на надлежностите, активно тимско делување и максимална поддршка во борбата за работничките права и интегритетот на професијата во сите дејности. Членовите на регионалниот одбор изразија

задоволство од медиумската застапеност на СОНК и отворен разговор за актуелните проблеми во дејностите кои ги покрива. По исцрпната дискусија, членовите на регионалниот одбор со заеднички став донесоа заклучок за интензивирање на преговорите со социјалните партнери, решавање на отворените проблеми во сите дејности за достоинствено вреднување на трудот и повисок животен стандард на вработените.

---

# ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РАСПРАВА ПРЕД ЧЛЕНОВИТЕ НА СОНК

Регионалните одбори на СОНК – Кисела Вода и Чаир расправаа по предлог Законот за основно образование, доставен во јавноста од страна на Министерството за образование и наука. Во анализата на текстот од нацрт законот беа воочени низа забелешки, но од аспект на интересите на нашата организација, заштита и унапредување на правата на вработените во основното образование, ќе истакнеме само дел од поважните забелешки за кои сме убедени, заради тежината на аргументите, ќе бидат прифатени во конечниот текст.
Предничеа дискусиите на членовите на СОНК кои изразуваа незадоволство околу предлог на членови од Законот, кои за одредени прекршоци предвидуваат парична казна, особено за планирањето и реализирањето на додатната и дополнителната настава, како и по сите основи од глава XVI – Прекршочни одредби. Ставот на присутните беше јасен да се избришат паричните казни за наставниците по сите основи. Исто така, коментиран беше и членот кој регулира награда на вработените во најдоброто училиште со зголемување на платата од 30% во следните 12 месеци, член кој што е доста нејасен, дали се

однесува на најдобро училиште на општинско или национално ниво, како и констатацијата дека вработените се доведуваат во нерамноправна положба, бидејќи не работат во исти услови, во иста средина, со еднаков потенцијал на квалитет на ученици и т.н.

Големо внимание предизвика членот на Законот, со кој што се организира наставата во текот на учебната година, при што во случај на штрајк директорот на основното училиште, по претходна согласност од градоначалникот, а за државните основни училишта од министерот, должен да го обезбеди остварувањето на воспитно-образовната работа со замена на вработените кои штрајкуваат, за време додека трае штрајкот. Овој член е апсолутно неприфатлив за СОНК, за кој што во изминатиот период многу пати реагиравме и упативме остри реакции за текст на член од Закон, кој што е спротивен на принципите на синдикалното здружување и дејствување, Законот за работни односи и Уставот на Република Македонија, како и на меѓународните Конвенции, кои ги третираат правата на работниците здружени во синдикати. Впрочем и Меѓународната организација на трудот (МОТ) остро реагираше на ваквиот текст на Законот и побара итно бришење на оваа одредба.

Намалувањето на фондот на часови од прво до деветто одделение, исто така предизвика силен интерес и дискусија помеѓу членовите на СОНК. Намалувањето на наставни часови во одделенска настава е прифатлив предлог, но во предметна настава постои оправдан страв кај наставниците за предизвикување на делумен технолошки вишок, иако има предвидени додатни ангажмани (за кои се сомневаме дека се компетентни), за наставниците на кои би им се намалил фондот на часови. СОНК бара одредба во Законот, со која што цврсто ќе се гарантира сигурноста на работните места на сите вработени во основното образование и секоја реформа во образованието што ќе биде во спротивност на интересите на вработените, особено во делот на социјалниот статус и сигурност и смета дека без консултација со репрезентативниот синдикат, ќе биде однапред

осудена на неуспех.



Предлогот за намалување на број на ученици во паралелките е една од конгресните резолуции на СОНК, за кое што се залагаме подолго време. Новиот предлог на МОН за намалување на паралелките од 20 до 30 ученици би требало да се преиспита, од причина што сметаме дека постои простор за поголемо намалување  на горната граница на ученици, што е особено важно за подигнување на квалитетот на воспитно – образовниот процес. Свесни сме дека би имало и финансиски импликации и оптеретување на Буџетот во делот на плати, за евентуални дополнителни вработувања, но во споредба со подобрување на крајниот резултат – поквалитетни стекнати  знаења и вештини на учениците, тоа би било споредно во однос на примарната цел.Дадени беа и други забелешки и предлози во делот на нормирање на работата на наставниците, организирање и реализација на слободни ученички активности, ученички натпревари , водење на педагошка евиденција и администрација, оценување на учениците (описно), професионално усовршување и кариерен развој на наставниците, како и избор на директор во училиштето, деполитизација и департизација на образовните установи и т.н

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## СОВЕТОТ НА СОНК ЕДНОГЛАСНО ОДЛУЧИ ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ ЈАВНИ ПРОТЕСТИ

Советот на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Р. Македонија (СОНК), на редовната седница одржана на 01-02-2015 год. едногласно ги донесе следниве

З А К Л У Ч О Ц И

1. Напорите на Советот на СОНК, согласно законите на Р. Македонија и меѓународните конвенции, низ социјален дијалог со социјалните партнери за да се изнајде заедничко решение по барањата на СОНК, кои се причина за Генералниот штрајк и понатаму не резултираат, поради неприфатливиот и неаргументиран однос и основ на ресорните министерства
   Согласно ваквите непроменети состојби Советот заклучи: – Генералниот штрајк да продолжи со одржување и во наредниот период.

1. Со цел да се упати нова и поенергична легитимна порака до социјалните партнери, Советот одлучи на 04-02-2015 год.(среда) во општините кои ги опфаќаат регионалните одбори на СОНК, да се организираат ј а в н и п р о т е с т и, преку кои дополнително ќе се манифестира одлучноста на членството на СОНК да истрае во легитимната борба за остварување на своите барања.
   Советот им препорачува на регионалните одбори на СОНК да им овозможат учество на јавните протести

на сите полнолетни граѓани, кои ќе изразат лична подршка на барањата на просветните и културните работници, членови на СОНК.

Советот ги задолжува регионалните одбори на СОНК да ги превземат сите неопходни подготовки за организирање и одржување на мирни и достоинствени протести.

1. Доколку ресорните министерства и Владата на Р.Македонија не пристапат кон одговорен социјален дијалог со раководството на СОНК за договарање на взаемно прифатливи решенија по барањата, најдоцна до 04-02-2015 год., во тој случај Советот на СОНК заклучи да се организира – **Централенпротест** пред ресорните министерства и Владата на Р. Македонија на 06-02-2015 год (петок), со учество на сите членови на СОНК кои ја подржуваат Одлуката за штрајк, како и сите полнолетни граѓани кои изразуваат подршка на легитимните барања на СОНК.

1. Советот и на оваа седница ја потврди целосната подготвеност за максимално коректен и конструктивен однос и подготвеност за социјален дијалог со ресорните министерства, со застапување на легитимните интереси на членството, изразени преку непосредно изјаснување на истите.

1. Овие Заклучоци влегуваат во сила со денот на нивното усвојување.

Претседател
Јаким Неделков

# ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ИНТЕРНАЦИОНАЛАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ПОСЕТА НА СОНК

## ПОСЕТА ОД ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА СОНК

Фред Ван Ливен, Генерален секретар на Интернационалата за образование (EI) на 1 и 2-ри јуни оваа година, во придружба на Претседателот на Холандскиот синдикат за образование (AOB), Волтер Дрешер, ќе престојува во четврта посета на СОНК во последните 10 години.

Интернационалата за образование (EI) е светска организација на синдикатите за образование во која членуваат 401 синдикати за образование од 172 земји, кои обединуваат над 30 милиони просветни работници. Нашиот синдикат беше примен за редовна членка на EI во 1998 година и тоа под уставното име на државата.

Со посебно задоволство СОНК памети и го истакнува големиот придонес што Интернационалата го има направено во поддршката на СОНК во изградба на современ, реформиран и вистинка организација на своето членство и посебна благодарност на сите членови кон Фред Ван Ливен, кој толку искрено и енергично е секогаш со нашиот Синдикат.

Генералниот секретар, Фред Ван Ливен претходната посета ја имаше на V-от Конгрес на СОНК во октомври 2010 година, на кој се обрати пред делегатите на Конгресот и не ги криеше своите искрени признанија кон СОНК, како и јасно искажаната поддршка на нашиот Синдикат во натамошните негови активности.

Четвртата негова посета, која ќе се оствари за 10-тина дена е нов израз на генералниот секретар на поддршката и признавање на активностите на СОНК, што сите нас од СОНК

треба и секако многу ни значи, бидејќи сигурно дека сме еден од ретките синдикати од Интернационалата кои го имале тоа задоволство Генералниот секретар да биде нивни гостин, а во нашиот случај дури и по 4-ти пат за 10 години.

Големо значење има и доаѓањето од страна на Претседателот на АОВ, нашиот докажан пријател Волтер Дрешер, кој по втор пат доаѓа во посета на СОНК и кој е најзаслужен за огромната поддршка што СОНК ја имаше од АОВ, особено во првите години на реформирање на СОНК од III-от Конгрес, одржан на самиот крај на 2001 година, кога финансиска поддршка беа организирани стотици семинари за раководствата на СОНК од претседатели на синдикални организации до највисокото раководство, како и едукација на 20-тина членови на СОНК, кои потоа одржуваа едукативни семинари со најголемиот број на членови на нашиот Синдикат.

СОНК знае да го цени, почитува и памети вистинското пријателство и ова без дилеми посебно се однесува токму на Генералниот секретар Фред Ван Ливен, на холандскиот синдикат АОВ и секако со исто значење и Американската федерација на учители (AFT). Сите тие неизбришливо се вградени во најголемиот грански синдикат во Република Македонија, сигурно и еден од најголемите грански синдикати во целиот Регион, а тоа е токму нашиот СОНК.

---

# ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА РАБОТНА СРЕДИНА – ПРЕДУСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТНА И ПРОДУКТИВНА

# РАБОТА

**СОНК и МЗЗПР ги презентираа резултатите од истражувањето за безбедноста на работните места во градинките, образованието, науката и културата**

Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија – СОНК во соработка со Македонското здружение за заштита при работа – МЗЗПР го реализираат проектот “Безбедност и здравје при работа во дејностите на образование и наука”.



Со активностите од овој проект ќе се утврди општата состојба, недостатоците и моменталните слабости во врска со примената на безбедност и здравје при работа (БЗР) на национално ниво, во сите дејности што ги покрива СОНК.

По добиените крајни резултати од извршените активности ќе се преземат мерки за ефективно спроведување на БЗР процедурите во пракса.

Целта на овој проект е да се создаде една општа култура и познавање од областа на БЗР преку креирање на функционален систем за целокупниот кадар вработен во дејностите од детска

заштита, образование, наука и култура.

Придобивка од реализацијата на овој проект ќе имаат сите засегнати страни, особено вработените во установите од детската заштита, образованието, науката и културата, како и синдикатите, работодавачите и надлежните министерства.



Во рамките на овој проект, се одржа јавна дебата на 23.12.2022 година, на која учесници беа дел од нашите членови, а се презентираа резултатите од истражувањето кое беше спроведено во период од 7 до 13 ноември 2022 година. Истражувањето беше по пат на анонимен, двојазичен прашалник, испратен до членовите на СОНК од сите 20 региони. На дебатата се анализираа одговорите на преку 1200 испитаници и се дискутираше за проблемите и потешкотиите со кои се соочуваат вработените во установите од дејностите што ги покрива СОНК. Јавната дебата беше оценета како конструктивна и со својата тема проникна до сите присутни, од каде произлегоа идеи, сугестии, предлози и препораки до сите релевантни чинители, како да се надминат одредени ситуации, а се со цел подобрување

на функционалноста на имплементацијата на БЗР во образовниот и научниот сектор.




---

# СОНК на своите членови и синдикални пријатели им посакува Среќна Нова 2022 година

---

# СОВЕТОТ НА СОНК ДОНЕСЕ И ЕДНОГЛАСНО ГИ УСВОИ ЗАКЛУЧОЦИТЕ

**14-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА СОНК**

Советот на СОНК, во полн состав, на 26-10-2018 година ја одржа својата 14-та редовна седница, на која на дневен ред беа повеќе актуелни состојби од работењето на СОНК, а во надлежност на највисокиот орган на СОНК.



На седницата главен акцент беше ставено прашањето на продолжувањето на социјалниот дијалог , по одржаните средби со министрите во дејностите што ги застапува СОНК, а по неизбежниот прекин на истиот, во период на пред и по одржувањето на референдумот во Р.Македонија. По опширната дискусија, Советот на СОНК донесе заеднички став дека треба да се донесат Заклучоци, кои ќе се испратат до сите  министри, за продолжување на преговорите и изнаоѓање на заеднички решенија по однос на отворените прашања во сите дејности што ги застапува СОНК, а во надлежност на СОНК, МОН, МТСП и Министерството за култура, што би значело, во дејноста детската заштита, основното, средното и високото образование,

науката и во културата.

Советот на СОНК, по однос на ова прашање, едногласно ги донесе следните Заклучоци.

---

# ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ШТРАЈК

**ОДРЖАНА 19-ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СОНК**

**ДОНЕСЕНА ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕДУПРЕДУВАЧКИ ШТРАЈК**

На ден 23-08-2019 година, Советот на СОНК, во проширен состав, ја одржа својата 19-та редовна седница, на која се изврши детална анализа на социјалниот статус на вработените во дејностите што ги обединува СОНК и изјаснувањата од одржаните состаноци на ниво на синдикалните организации на СОНК, а во врска со донесените Заклучоци на 18-та седница на Совет на СОНК, која беше одржана на 21-06-2019 година.

На седницата присуствуваше и Министерот за образование и наука г-нот Арбер Адеми, со своите најблиски соработници, кој пред членовите на Советот на СОНК истакна дека како Влада на Р.С.Македонија вложуваат многу и се направени повеќе инвестициски вложувања и реформи во делот на образованието. Секако дека како Влада имаат желба и силно се работи на идно зголемување на платите, но откако ќе имаме јасна слика, со јасни податоци како стојат работите генерално во државата.

Од опширната расправа на седницата по однос на социјалниот статус на вработените, Советот на СОНК констатира дека со донесувањето на Законот за детска заштита и потпишувањето на новиот Колективен договор за оваа дејност, лошата социјална

состојба кај вработените во детските градинки е делумно ублажена и е во рамките на висината на минималната плата на национално ниво. Исто така, оваа состојба е ублажена и кај вработените во дејноста култура со нивелацијата на платите во оваа дејност, но за жал во сите степени на образованието вработените земаат плата под просекот на платата на национално ниво и со огромна процентуална разлика на минималната плата на национално ниво. Овие непобитни факти резултираат со заклучок дека социјалниот статус на вработените во образованието е под секое ниво и нивото на достоинството на просветниот работник.



Од констатираната социјална состојба кај вработените во основното и средно образование и изјаснувањето на синдикалните организации на СОНК по однос на Заклучоците од 18-та седница на Советот на СОНК, неминовен беше заклучокот дека најавеното зголемување на септемвриската плата од  5% не е доволен и смета дека процентот на зголемување на платите треба да е во согласност на процентот на зголемување на минималната плата на национално ниво, односно севкупно за 25%. Од погоре наведените причини, доколку до 1-ви септември не се изнајде решение или утврди терминот на зголемување на платите во овие дејности, Советот на СОНК донесе едногласна Одлука во дејностите основно и средно образование, на првиот училишен ден, 2-ри септември да се одржи еднодневен предупредувачки штрајк.

Советот на СОНК, исто така, побара да се интензивираат

преговорите со МОН, а најдоцна до крајот на месец септември, оваа година, да се утврди процентот на зголемување на платите кај вработените во сите сфери на образованието, како и утврдување на терминот и процентот за зголемување на платите за 2020 година. Доколку до предвидениот термин не се најде прифатливо решение, Советот на СОНК на почетокот на месец октомври ќе одржи седница на која ќе се утврдат идните чекори, не исклучувајќи го генералниот штрајк во сите степени на образование.

---

# Почнаа преговорите помеѓу СОНК и Владата

Во текот на вчерашниот ден, во Владата на Република Македонија започнаа преговорите помеѓу претставниците на Владата, предводени од Министерот за образование и наука, заменик претседателот на Владата за економски прашања и Државниот секретар за образование и наука од една страна и членови на Советот на СОНК предводени од претседателот на СОНК од другата страна. На работната средба, претставниците на СОНК го изнесоа и образложија Барањето за зголемување на платите во дејноста образование, кое се темели врз основа на зголемување на минималната плата и примена на одредбите од законот за минимална плата. Исто така, беше укажано на големото незадоволство на вработените во образованието заради

изедначување на платите на различни работни места со различна сложеност на работата, како и на фактот што останатите плати изминатите неколку години воопшто не го следат порастот на минималните плати. Од претставниците на Владата беше недвосмислено побарано да се отпочне веднаш со усогласување на платите според сегашните важечки Колективни договори и порастот на минималната плата во изминатиот период.

Од страна на претставниците на Владата беше презентирана економската, здравствената, енергетската и другите состојби во државата кои, според нив, не дозволуваат лесен и едноставен пристап и позитивен одговор на нашето барање, веднаш, на оваа работна средба. Сепак, тие истакнаа дека многу е важно просветните работници да имаат достоинствени плати на професијата, но, во исто време побараа и квалитетот на образованието да се подигне на повисоко ниво, за што и треба да се направат одредени организациски и реформски промени.

На крајот од средбата, претставниције на Владата побараа неколку дена за пресметка на финансисиката импликација врз основа на Барањето на СОНК, по што преговорите ќе продолжат понатаму.

---

# СООПШТЕНИЕ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА

# СОНК И ДО ЈАВНОСТА

Почитувани членови на СОНК и останати вработени во дејностите образование и детска заштита,

Почитувана јавност,

Со ова Соопштение сакаме да Ве информираме дека деновиве сме во постојана комуникација со Министерството за образование и наука (МОН) предводено од министерот за образование и наука, а во врска со Барањата на СОНК за усогласување на платите во образованието (основно, средно, високо образование и наука, како и ученички и студентски домови) врз основа на зголемување на минималната плата на национално ниво.

Иако на преговорите со МОН беше договорено резултатите од преговорите да завршат и да се презентираат најдоцна до 15 Март, за жал тоа не се случи. МОН е во комуникација со Министерството за финансии и очекуваме во текот на денешниот ден (16.03.2022 год.) да имаме одговор на нашето Барање.

Воедно, сакаме да ги информираме нашите членови и јавноста дека сме зачудени од Изјавата на Министерката за труд и социјална политика, која на новинарско прашање за преговорите, одговори дека допрва ќе почне преговарање со СОНК и другите синдикати, што сметаме дека е крајно несериозен пристап за сериозен проблем. Министерството за труд и социјална политика всушност и не одговори на Барањето на СОНК за усогласување на платите во согласност со Колективниот договор.

Со оглед дека нашите барања се од сериозен карактер, сметаме дека еден ден пробивање на рокот не значи многу во однос на очекуваните резултати од преговорите.

СОНК цврсто стои на оправданоста на своите барања и во наредните неколку дена ќе излезе со јавен став околу резултатите од преговорите, ќе го свика органот на одлучување (Советот на СОНК) со цел носење одлука за понатамошните наши

активности.